ФРИДРИХ ЕБЕРТ ФОНДАЦИЈА

Канцеларија Скопје, Македонија
Ул. Костурски херои бр.38 (Импексел зграда, II кат), 1000 Скопје
Т +389 2 3093 181 • Ф +389 2 3093 180
www.fes.org.mk • contact@fes.org.mk

Национален младински совет
на Македонија

ПРЕГЛЕД НА МЛАДИНСКИТЕ ПОЛИТИКИ ВО МАКЕДОНИЈА

ПРЕГЛЕД НА МЛАДИНСКИТЕ ПОЛИТИКИ ВО МАКЕДОНИЈА

Скопје, 2015 г.

Издавач:
Национален младински совет на Македонија

www.nms.org.mk
info@nms.org.mk

За издавачот:
Ивана Давидовска

Автор:
Национален младински совет на Македонија

Лектура:
Кристина Велевска

Дизајн:
„Контура“ д.о.о.

Тираж:
150

Содржина

Вовед 5

Десктоп-анализа 6

Цели на истражувањето 25

Методологија на истражувањето 26

Квантитативна анализа 27

Квалитативна анализа 35

Заклучоци од конференцијата „Младински политики
и учество на младите во креирање политики“ 38

Заклучоци 39

Консултирани извори 41

ВОВЕД

Публикацијата се реализира во рамките на проектот „Преглед на младинската политика во Македонија: кон инклузивна и сеопфатна младинска политика", спроведен од Националниот младински совет на Македонија и Фондацијата „Фридрих Еберт Штифтунг".

Проектот иницира ревизија на младинската политика во Македонија со цел да се оцени моменталната состојба со младинската политика и да се дадат насоки и перспективи во зајакнувањето на учеството на младите и на младинските организации во процесите на креирање политики. Преку проектот се адресира потребата за зголемување на транспарентноста во процесите на креирање политики за млади.

Македонија е една од земјите што немаат специфична легислатива и политики во областа на младите. Долгиот процес на транзиција на земјата, политичките и социоекономските промени влијаеја врз младите, како една од најделикатните општествени категории, и ги оставија исклучени од процесите на градење младински политики. Во моментов постои Национална стратегија за млади, донесена во 2005 година. Други постојни правни акти што до одреден степен ги покриваат прашањата за младите се: Законот за средно образование, Законот за ученички стандард, Законот за студентскиот стандард, Законот за волонтерство. Оние области што се опфатени со стратегии се: интеграција, сексуално и репродуктивно здравје и одлив на мозоци. Иако постои соодветна документација, моментално недостига преглед за напредокот во спроведувањето посебни стратегиски документи и практики, но исто така се јавува и загриженост кај младинските организации, кои многу ретко се консултирани во развојот на таквите политики. Недостигот на претставничките тела на младите и недостигот на младинското информирање сè уште се гледаат како големи предизвици во развојот на младинската политика.

Ситуацијата во областа на младинската политика досега покажува дека е Македонија сè уште во развојна фаза и затоа се јавува потребата да се анализира тековната состојба во оваа област, да се оцени релевантноста на постојните политики и да се развијат специфични препораки во насока на нивно подобрување.

Публикацијата „Преглед на младинските политики во Македонија" има цел да ја претстави моменталната состојба на младинските политики во Македонија и да ги пренесе главните заклучоци и препораки донесени како резултат на истражувањето за младински политики спроведено меѓу младинските организации во Македонија, да направи десктоп-анализа на младински политики и да даде препораки од младинскиот сектор и од релевантните институции што присуствуваа на конференцијата „Младински политики и учество на младите во процеси на креирање политики". Оваа публикација, која дава перспективи за младинската политика и за младинската работа, е насочена кон младинските организации во Македонија, како и кон државните органи и институции што работат со млади, и претставува ресурс на информации што ќе може да се користат во идната работа на младинските организации и на институциите што работат со млади.

ДЕСКТОП-АНАЛИЗА ЗА МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Потребата од објавување анализа на постојаните политики за млади и на нивото на нивната имплементација се наметна како природна последица на некохерентноста на неколкуте директни правни решенија, документи и извештаи што се посветени на младите. Недостигот на синхронизација на повеќе нивоа во младинската политика во Република Македонија придонесе кон тоа работата со млади да прерасне во еден мошне нејасен концепт од аспект на неговиот правен опфат.

Во согласност со просторот достапен за оваа анализа, пред вас се наоѓа обид за анализирање на дел од вклучените актери, како и на актуелните законски решенија и стратегиски документи што се апликативни за младите во Република Македонија, а се дел од работата на државните институции и на граѓанскиот сектор. Меѓутоа, целта на оваа анализа не е само систематско подредување туку и испитување на нивото на нивната апликативност, имплементација, како и на вклученоста на одговорните актери, во согласност со објавените информации и со просторот што е достапен во оваа публикација.

Покрај анализата врз основа на важечките документи и на нивната апликативност, оваа анализа, исто така, има цел да ги испита нивото на вклученост на младинските организации во комплетниот процес на креирање на младинската политика, како и нивното учество во нејзиното имплементирањето. Овој сегмент е исклучително важен поради тоа што може да послужи за натамошно подетално испитување на воспоставените комуникациски канали и со тоа да понуди солидна основа за препораки за натамошни решенија.

На крајот на анализата ќе се посочат најголемите предизвици во однос на младинската политика во Република Македонија и ќе се дискутираат идни препораки за дејствување кон инволвираните актери во младинската политика.

Краток историски осврт

Политиката за млади во Република Македонија, од нејзиното осамостојување до денес, постојано е проследена со неконзистентност и со недостиг на континуитет во вклучувањето на младите во процесите на носење одлуки. Особено проблематично за македонското општество на почетокот на деведесеттите години претставуваше поставувањето на младите како посебна демографско-социјална категорија, со потреби специфични за возраста и за улогата во општеството. Иако декларативно младите постојано се дел од државните политики и одлуки, во практиката често недостигаат визија и конкретни решенија за конкретната улога на младите во дадениот општествен контекст и за тоа дали и како таа улога треба да се регулира од централните и од локалните власти. Програмите и практиката што беа наследени од поранешната држава во голем дел не ги отсликуваа потребите и проблемите на младите во новиот либерален политичко-економски контекст.

И покрај недостигот на централна визија за младите на државно ниво и ниското ниво на нивна консултација при одлучувањето во нивно име, младите, во текот на годините, во рамките на своите можности, се наметнуваа во јавниот дискурс и се обидуваа да ја истакнат потребата од нивното дополнително препознавање како демографско-општествена категорија што заслужува да се третира во контекст на прокламираните аспирации на Република Македонија кон членство во европските интеграциски структури.

1. Актери во младинската политика во Република Македонија: опис и перформанси

За да може посеопфатно да се анализираат апликативните документи за млади во Република Македонија, најпрвин е важно да се посочат клучните актери во делот на младинската политика во Република Македонија во однос на нејзиното креирање и можности за имплементација. Овие информации се со суштинска важност за натамошното определување на одговорноста на актерите за спроведувањето/неспроведувањето на постојните сегменти од младинската политика во Република Македонија. Исто така, мапирањето на клучните актери ќе овозможи дефинирање и поставување на комуникациските канали во младинската политика, детектирање на моменталните состојби и на идните можности, како и понуда на конкретни препораки.

Во однос на клучните актери, младинската политика се подразбира како процес што вклучува три елементи, со широк и варијабилен формат. Прво, државен елемент, кој се однесува на законските регулативи, на стратегиските документи и на употребата на телата што се во склоп на државните институции. Тој, исто така, ги подразбира целокупните активности што државата ги спроведува самостојно, со единиците на локалната самоуправа или со трети страни. Второ, граѓански елемент, односно младинска политика на ниво на граѓанскиот сектор, со што се подразбираат граѓанските организации и фондации што во своите стратегиски цели и програма ги имаат вклучено младите, но и сите други организации што во својата работа воспоставуваат контакт со млади. Конечно, третиот елемент ги опфаќа граѓаните што преку инструментите на демократска и на граѓанска вклученост директно или индиректно влијаат врз креирањето на младинската политика. Овие три елементи на младинската политика не треба да се гледаат изолирано, туку како еден комплексно испреплетен систем, кој својата целост ја стекнува само со постојана и паралелна вклученост на сите три елементи. Сепак, оваа поделба се користи за да се стекне појасна слика, да се разберат поединечните одговорности, улоги и права, како и да се изнајдат начини за подобрување на меѓусебната комуникација. Во оваа анализа експлицитно ќе се опфатат првите два елемента, но бидејќи тие во голем дел се зависни од граѓанското учество, имплицитно ќе се опфати и третиот наведен елемент.

Во натамошниот дел од анализата се опишани актерите и нивната улога во креирањето на младинската политика во Република Македонија.

Државен елемент

Определувањето на државниот елемент во младинската политика во Република Македонија, која како држава сè уште нема законска регулатива што конкретно се однесува на младите, односно на младинското учество и организирање, е вистински предизвик. Сепак, во овој текст е направен обид на едно место да се посочат сите клучни актери што со своите одлуки/активности се дел од целокупната младинска политика во Република Македонија. Во овој дел, по описот на улогата на секој од актерите, ќе се посочи и кратка евалуација на нивното учество во младинската политика.

Собрание на Република Македонија

Единствен орган во Собранието на Република Македонија што во своите заложби го споменува поимот млади е Комисијата за образование, наука и спорт. Меѓутоа, во прокламираните активности на Комисијата младите се вметнати во еден поширок контекст, иако се наведуваат 13 прашања со кои се занимава Комисијата, а кои директно или индиректно се поврзани со

младите[1]. Според своите надлежности, ова тело разгледува закони, нацрт-закони и други документи и дава забелешки за нивната содржина и формат[2]. Сепак, вреди да се забележи дека во моменталниот парламентарен состав (2014-2018), од вкупно 13 членови во оваа Комисија, најмладиот член е со возраст од 33 години, што е во спротивност со начелото „од млади за млади", кое е исклучително важно во однос на вклученоста на младите во креирањето политики.

Иако Собранието на Република Македонија со своето работење постојано влијае врз младите од сите аспекти, сè уште не може да се утврди систематизирано изграден пристап кон младинската политика. Како резултат на реалноста во политичкиот систем во Република Македонија, Собранието има многу мал простор за влијание врз извршната власт во многу области, вклучително и во младинската политика. Сепак, доколку Собранието препознае потреба од современо дефинирање на младинската политика и од натамошно внатрешно преструктуирање (преку комисии, тела и друг вид механизми), ова највисоко законодавно тело ќе има можност б,арем во еден определен формат, да ја дискутира младинската политика. Меѓутоа, тука веќе, како што може да се забележи, проблемот е многу повеќе од институционална организираност и допира во неформалните аспекти на политичкиот живот во државата, чие преуредување побарува комплетно поинаков пристап на анализа.

Влада на Република Македонија

Владата на Република Македонија е клучен извршен орган во македонскиот политички систем со широки ингеренции во креирањето на политиките, вклучително и на младинската политика. Поради тоа, Владата е централен актер во младинската политика во Република Македонија и тело со кое граѓанскиот сектор треба да воспостави најсилна комуникација со цел да го зголеми своето влијание во младинските политики во земјата. Својата улога во младинската политика Владата на Република Македонија ја остварува преку дел од своите министерства и преку неколку вида различни институции под својата надлежност.

Министерство за финансии

Според својата мисија, Министерството за финансии треба преку успешно управување на јавните финансии да постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните во Република Македонија[3]. Според тоа, Министерството за финансии на Република Македонија и теоретски е еден од најбитните сегменти во државниот елемент во креирањето на младинската политика. Тоа е оправдано од неговата улога во распределувањето на буџетските финансии што евентуално би можеле да бидат корисни за младинските организации, како и при финансирањето на имплементацијата и на креирањето на младинските политики од партнерските актери и институции.

Сепак, улогата на Министерството за финансии, како тело задолжено повеќе за техничка распределба на буџетските финансии, ја лимитира неговата автономност при распределбата на средствата. Досега, Министерството најдиректна улога во однос на младите остварува преку модерирање на Инструментот за претпристапна помош како дел од Одделението за ИПА при

1 http://sobranie.mk/rabotni-tela-2014-2018-ns_article-komisija-za-obrazovanie-nauka-i-sport-2014.nspx

2 http://www.sobranie.mk/rabotni-tela.nspx

3 http://www.finance.gov.mk/mk/node/9

Министерството, чии приоритети се менуваат на годишно ниво и не се секогаш директно поврзани со младите[4].

Во Претпристапната економска програма (ПЕП) за 2014-2016 година, Министерството за финансии определува дека еден од основните темели на работата на Владата ќе биде намалувањето на невработеноста, особено кај младите луѓе. Овој приоритет, според програмата, е предвидено да се спроведе со алокација на средства наменети за повеќе програми, како активни програми и мерки за вработување, Програмата за конкурентност, иновации и претприемаштво, како и структурно приспособување на земјоделскиот сектор преку финансиска поддршка за млади земјоделци[5]. Исто така, според оваа програма, се предвидува продолжување на проектот „Поддршка за вработување млади лица, долгорочно невработени и жени", кој, според Агенцијата за вработување, постигна одлични резултати кај голем број учесници, вклучително и млади, од аспект на подобрување на вештините за вработување[6].

Очигледно е дека Министерството за финансии, во соработка со другите институции на системот, е активно насочено кон младите, особено во делот на намалувањето на невработеноста. Сепак, дополнителната консултација и со другите фактори во младинската политика, особено од граѓанскиот елемент, уште повеќе ќе придонесе кон квалитетот и кон инклузивноста на програмите што Министерството ги спроведува или има цел да ги спроведе во периодот што следува.

4 http://www.finance.gov.mk/mk/node/314

5 http://www.finance.gov.mk/mk/node/2246

6 http://www.avrm.gov.mk/content/pdf/brosura.pdf

Министерство за образование и наука на Република Македонија

Министерството за образование и наука на Република Македонија има цел да ги развива образованието и образовно-воспитниот систем, како и да ги развива науката и научните достигнувања и иновации[7]. Според тоа, во својата основ,а ова ресорно министерство е директно насочено кон управување со образованието, кое во најголема мера ги опфаќа токму младите луѓе. Поради својата улога во управувањето на образовните процеси во секундарното и во терцијарното образование и легислатива, во стипендиите и во учеството во меѓународните образовни програми, Министерството за образование и наука е директно вклучено во креирањето на младинската политика и е со клучна важност за вкупната добросостојба на младите. Врската на Министерството за образование и наука со младите е толку испреплетена и комплексна што во ниеден момент не може да се оддели од младинската политика и, на тој начин, преставува клучна појдовна точка во нејзиното анализирање.

Според Националната програма за развој на образованието 2005-2015, Министерството за образование и наука определува дека на децата и на младите ќе им понуди образование што ќе ги „негува и унапредува нивните капацитети, ќе ги почитува нивните интереси и склоности и ќе им понуди можности да направат избор и да се реализираат себеси преку воспитно-образовните процеси"[8]. Важно е тоа дека оваа програма предвидува поголема вклученост на невладиниот сектор во креирањето иницијативи поврзани

7 http://www.mon.gov.mk/index.php/ministerstvo-meni/misija-vizija

8 http://www.mon.gov.mk/images/banners/web_banners/Nacionalna%20strategija%20za%20obrazovanieto%202005-2015.pdf

со образованието, со обука и со културниот развој на младите[9]. Според оваа програмска определба, Министерството е обврзано да ги консултира младинските организации при креирањето на своите образовни политики што влијаат врз младите и да отстапува поголем простор тие да креираат иницијативи за младите.

Оперативно, како категории млади што се непосредно засегнати од политиките на ова министерство, ги издвојуваме средношколците и студентите. Преку Секторот за основно и средно образование и Секторот за високо образование, Министерството за образование располага со механизми директно да влијае врз квалитетот на образованието на младите луѓе и често е директен извршител на сите промени што извршната власт сака да ги воведе во образованието.

При креирањето на решенијата во однос на образованието на младите, во досегашната практика се увиде лимитирано ниво на комуникација меѓу организациите што ги преставуваат младите, без разлика дали се работи за средношколски или за студентски или, пак, за други граѓански организации што го имаат образованието на младите како свој стратегиски приоритет. Во однос на студентското организирање, Министерството се соочува со објективни тешкотии да консултира повеќе од едно претставничко тело во еден универзитет, со што се обесхрабрува плурализмот во студентското организирање и се оневозможува да се слушне ставот на другите заинтересирани актери во целиот процес. Консултирањето на само еден актер, покрај тоа што може да даде погрешна слика од аспект на репрезентативноста на ставовите, може да влијае и врз легитимитетот на донесеното решение.

Како препорака во овој дел може да се наведе проширувањето на листата на организациите што ќе бидат консултирани при анализирањето и при воведувањето на реформите. Исто така, покрај организациите, Министерството треба да изнајде начини да ги консултира и сите оние ученици и студенти што не се дел од ниедна организација, а се мнозинство во средношколската и во студентската популација.

Министерство за животна средина и просторно планирање

Од аспект на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање е одговорно за следење на состојбата во животната средина, за нејзино управување и реставрација, како и за заштита од загадување[10]. Ако се има предвид сè поголемата важност на животната средина за добросостојбата на младите, Министерството за животна средина и просторно планирање, како основен авторитет во таа област, е значаен фактор во одвивањето на целокупната младинска политика. Оваа важност е посебно изразена во релација со оние организации што во своите приоритети ги имаат вклучено заштитата на животната средина и концептите на одржливост.

Младите можат да играат силна улога во зголемувањето на свеста за животната средина и преку своите организации да придонесат кон основните заложби на Министерството. Поради тоа, Министерството во досегашното работење во повеќе наврати воспостави контакти со повеќе младински здруженија, како во консултирање на проблемите така и во спроведување конкретни еколошки акции. Како таков пример може да се наведе акцијата „Ајде, Македонија“, каде што во координативното тело за нејзиното спроведување, покрај институциите, беа вклучени и младински организации, преставени преку

9 Исто, 18.

10 http://vlada.mk/ministerstva

асоцијацијата „Ајде, Македонија“. Овој тип комуникација може да се посочи како пример за успешен комуникациски канал, кој со минимални средства придонел кон генералниот резултат на одредена иницијатива.

Министерство за труд и социјална политика

Во рамките на Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика извршува низа функции, од кои неколку се директно поврзани со младите: работните односи, вработувањето и вработеноста; материјалното обезбедување на привремено невработените; унапредувањето на рамноправноста на половите; заштитата на децата и на малолетните лица и заштитата на младината и на жените[11]. Работата на Министерството е во директна поврзаност со стандардот на младите од аспект на програмите за нивно полесно вработување, како и за преминување на периодот на транзиција на младите кон пазарот на трудот, дополнето со фактот дека тоа директно врши надзор на работата на Агенцијата за вработување на Република Македонија. Во координација со Министерството за финансии и со Министерството за образование и наука, ова ресорно министерство се јавува како примарен спроведувач на политиките за младинското вработување, од што јасно се гледа неговата важна улога во младинската политика. Ова министерство е директно задолжено за спроведување на Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2015, како и на Националниот акциски план за вработување на Република Македонија 2015, чија имплементација се споменува и во Стратешкиот план на Министерството за 2015 година. Структурата и нивото на имплементација на овие документи ќе се анализираат подолу во текстот.

11 http://vlada.mk/ministerstva

Секретаријат за европски прашања при Владата на Република Македонија

Како посебна стручна служба во Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања (СЕП) е замислен како клучен носител на интеграцискиот процес во Република Македонија, кој, меѓу другото, вклучува и регулирање на младинската политика[12]. По таа основа, СЕП треба да остварува постојана комуникација со младинските организации и со организациите за млади со цел да ги анализира нивните политики и да ги мапира нивните потреби, при што, врз основа на тоа, ќе исполни дел од европските критериуми и ќе го забрза процесот на интеграција.

СЕП, како институција со високо ниво на влијание во политиките на Владата на РМ, во досегашниот период пројави силен интерес за младинските прашања и преку серија средби со релевантни младински организации се обиде да допре до младите и на тој начин непосредно да ги артикулира нивните интереси. Исто така, Секретаријатот во неколку наврати оствари средби со млади од различни краеви на Република Македонија, кои имаа можност подобро да се запознаат со работата на ова тело. Ваквиот пристап презентира отвореност, но неколку системски поврзани проблеми, кои ќе бидат споменати во делот на препораките, во голема мера ја отсликуваат и комуникацијата на младинските организации со ова тело.

Агенција за млади и спорт

Агенцијата за млади и спорт е најдиректно инволвираното извршно тело во областа на државниот елемент во младинската политика. Како правен субјект во склоп на Владата на РМ, Агенцијата за млади и спорт располага со свој буџет (кој е

12 http://www.sep.gov.mk/content/?id=1#. IsoRzHF8oM

составен од средства алоцирани од државниот буџет) и со управувачка и извршна структура.

Агенцијата за млади и спорт со своето дејствување има можност значително да ја подобрува, но и да ја насочува младинската политика. Улогата на ова тело е да служи како еден вид комуникациски канал меѓу потребите на младинските организации, организациите за млади и државните структури и да биде главната алатка за нивното спроведување.

Во склоп на Агенцијата, директно поврзан со младите, е Секторот за млади, кој врши работи поврзани со интересите на младите и со признавањето на младите како социодемографска категорија што придонесува за развојот на Република Македонија[13]. При креирањето на своите политики, Агенцијата се придржува кон Националната стратегија за млади, документ чие ниво на имплементација ќе го дискутираме одделно. Во рамките на овој сектор, постојат две одделенија: Одделението за младинска политика и тренинг и Одделението за меѓународна соработка.

Неколку важни напомени се наметнуваат кога се зборува за Агенцијата за млади и спорт. **Прво**, Агенцијата, иако е независно тело, голем дел од своите приоритети на работа ги црпи директно од својот надлежен авторитет, Владата на Република Македонија. Агенцијата сè уште нема воспоставено одржливи комуникациски канали со младинските фактори, преку што на систематизиран начин ќе се споделуваат идеите за креирање на младинската политика, приоритетите на младите и активностите за кои тие сметаат дека се важни за нив.

Втора напомена што е поврзана со оваа институција и што во голем дел е последица на прва-

13 http://ams.gov.mk/agencija/19-sektor-mladi

та е буџетската распределба. Преку определбата на буџетот во одреден дел, Агенцијата ги креира младинските политики, но и служи како показател за определеноста на комплетниот државен елемент за тоа како треба младите да се организираат. Буџетот на Агенцијата има тенденција да биде насочен кон активностите поврзани со спортот, додека активностите поврзани со младите предвидуваат минимални, односно симболични средства (само 0,75% од вкупниот буџет од 399 322 000 денари), кои воопшто не се доволни за да се постигнат систематичност и континуитет[14].

За да ги постигне своите зададени цели, Агенцијата треба да пренасочи дел од своите средства, со што ќе биде има можност во поголема мера дополнително да го избалансира поддржувањето младински иницијативи, паралелно со иницијативите поврзани со спортот. Исто така, Агенцијата може да игра клучна улога во воспоставувањето постојан совет на комуникација со младинските здруженија и со нивните младинските претставнички организации, со што ќе се воспостават механизми на континуирана комуникација, која нема да биде под влијание на кадровски промени од двете страни.

Национална агенција за образовни програми и мобилност

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност официјално преставува „Јавна институција која е формирана со Закон донесен од страна на Собранието на Република Македонија. Целта на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е да работи на промоција и спроведување на европските програми во областа на образованието, обуката, младите и спортот во Република

14 http://www.finance.gov.mk/files/BUDZET-2014-FINALNA-VERZIJA-19-12-2013.pdf

Македонија“[15]. Во периодот што претстои, 2014-2020 година, оваа институција ќе биде исклучително важна за младите, односно за младинските организации во Македонија, поради тоа што ќе биде главен администратор на програмата „Еразмус +“ (Erasmus +), што претставува голем потенцијален извор на ресурси за младинските организации во Република Македонија.

Поради улогата што ја има како агенција за администрирање и за спроведување на програмите на Европската Унија во делот на младите, Националната агенција се вбројува меѓу факторите во младинска политика што преку администрирањето на програмите имаат директно влијание во насочувањето на младинските политики, особено во поттикнувањето на европските трендови на младинска политика во македонски контекст. Иако форматот на Агенцијата, како администратор на програми, придонесува таа да не биде иницијатор или клучен креатор на младинските политики, преку определувањето на националните приоритетни области во текот на годината, таа ги насочува младинските организации и може да придонесе за поголем развој или внимание на одреден аспект на младинското учество и на младинската политика.

Граѓански елемент

Младински организации, организации за млади и подмладоци на политички партии

Младинските организации, организациите за млади и подмладоците на политичките партии не се толку влијателни, но се најактивните фактори на младинската политика во Република Македонија. Повеќето од најактивните организации своите ставови во однос на младинската политика ги интерпретираат преку вмрежување со други организации, односно преку тела што ќе им овозможат координација на ставовите и единствено претставување во однос на важни прашања и на трети страни.

Поради големиот број организации што се занимаваат со млади, преку оваа анализа бележиме само присуство на мрежи или на сојузи на младински организации и на организации за млади што директно се вклучени во младинската политика:

Национален младински совет на Македонија

Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) преставува најголема младинска мрежа, односно сојуз на организации во Република Македонија. НМСМ го сочинуваат вкупно 57 младински организации, организации за млади и подмладоци на политички партии. Националниот младински совет е единственото претставничко тело на младински организации во Република Македонија што функционира како чадор-организација, со улога да ги застапува интересите на младите во процесите на креирање политики и на носење одлуки.

Националниот младински совет на Македонија официјално беше оформен во јуни 2013 година како резултат на иницијативата на над 35 организации што ја увидоа потребата од формирање на вакво тело и во Република Македонија, која до тој момент беше една од ретките земји во Европа без сеопфатно младинско претставничко тело што ќе биде структурирано и раководено според стандардите на веќе оформените организации од таков тип во Европа. Националниот младински

15 http://www.na.org.mk/index.php/mk/nacionalna-agencia-57.html

совет на Македонија има цел да воспостави структурна комуникација со сите фактори во младинската политика во Македонија и преку рефлектирањето на ставовиве на своите организации-членки да ги преставува нивните интереси, а со тоа и, својствено, интересите на младите.

Како релативно ново тело, Националниот младински совет на Македонија во изминатиот период започна во својата извршна и оперативна структура да ги воспоставува контактите со релевантните институции на национално и на меѓународно ниво. Националниот младински совет на Македонија, во периодот од јануари до јуни 2014 година, отвори регионални канцеларии во 6 градови низ Македонија, кои се водени од организации-членки, што овозможи проширување на комункациските канали на организацијата и воспоставување контакт со што е можно поголем број млади. Според донесениот Стратешки план 2014-2017, во периодот што претстои Националниот младински совет на Македонија ќе се фокусира кон постигнување резултати во три поширок области: професионализација и јакнење на капацитетите на организацијата; интеграција на младинското претставување во општествено-политичките процеси; младинските стандарди и информираност.

Коалиција „СЕГА“

Коалицијата на младински организации „СЕГА“ е здружение на граѓани формирано со цел да придонесе кон процесот на креирање и на имплементација на Националната стратегија за млади на РМ и да помогне во исполнување на потребите на младите. Иако со неформален карактер, Коалицијата „СЕГА“ е втората по големина младинска мрежа, составена од вкупно 23 организации. Оваа организација е оформена во Прилеп во 2004 година со цел да придонесе кон промовирање на интересите на младите на локално, на регионално и на национално ниво.

Сојуз за младинска работа

Сојузот за младинска работа преставува сојуз од 22 организации што работат на стандардизација и на препознавање на квалитетот на младинската работа и на неформалното образование преку подигнување на свеста за бенефициите и за квалитетите што младите ги добиваат со младинската работа. Како една од експлицитните цели на оваа организација може да се наведе формалното препознавање на младинската работа од страна на јавните институции и на општеството. Преку организација на работилници, Сојузот за младинска работа се обидува да допре до сите релевантни фактори што би може да придонесат за стандардизација и за препознавање на младинската работа и за креирање на системи за поддршка на млади.

Подмладоци на политички партии

Подмладоците на политичките партии се многу важен елемент во создавањето на младинската политика, но и на комплетната перцепција на прашањата поврзани со млади. Подмладоците на политичките партии се претставници на голем број млади луѓе и како фактори во ниеден случај не смеат да бидат занемарени, туку токму спротивното. Подмладоците можат да играат силна улога во промовирањето на младинските прашања и во потребата од комплементарен пристап кон неговото остварување.

Сепак, и подмладоците на политичките партии се соочуваат со одредени предизвици што ги спречуваат во целост да го остварат својот потенцијал. Легалниот статус на подмладоците е комплетно недефиниран во македонското законодавство, при што тие не можат да бидат регистрирани како посебни правни ентитети, туку се принудени да го користат правниот капацитет на политичките партии. Тоа претставува проблем бидејќи така

тие се лимитирани во донесувањето самостојни решенија, но исто така, ако се има предвид бирократската структура, посебно во поголемите политички партии, подмладоците на политичките партии се лимитирани во својата ефикасност при секојдневното работење. Затоа, законската регулатива во Република Македонија треба да им овозможи на овие организации да имаат можност да стекнат одреден правен суверенитет, со што ќе се подобри нивната оперативна ефиканост.

2. Постојната законска регулатива и документи

Младинското организирање во Македонија моментално не е регулирано со посебен законски акт, како што е случај во европските држави, но и во државите од нашето непосредно опкружување. Сепак, недостигот од закон или од сличен тип на решение не значи дека младинското организирање е комплетно изоставено од постојаната законска регулатива во Република Македонија. Моментално, младинското организирање е регулирано преку неколку законски решенија и документи, од кои сите не им се директно наменети на младите, но со својот опфат го покриваат делот на младинското организирање.

Национална стратегија за млади на Република Македонија

Националната стратегија за млади беше донесена од страна на Владата на Република Македонија на 14 декември 2005 година. Замислата на овој документ беше да претставува основна водилка за институциите при креирањето на младинските политики, но и да го презентира правецот во кој младинската политика треба да се одвива во периодот од 10 години, кој беше предвиден за нејзиното остварување.

Во делот на институционалната рамка на Националната стратегија за млади, како примарен реализатор е предвидена Агенцијата за млади и спорт, која, исто така, треба да формира Национален управувачки комитет, создаден од претставници на засегнатите министерства и од претставници на здруженија на граѓани. Замислената улога на овој комитет беше да претставува координативен механизам во креирањето на чекорите за имплементација на стратегијата и во изнаоѓањето методолошки пристапи на оценување на нејзините ефекти[16].

Ниво на реализација

Иако конципирана како сеопфатен и модерен документ, Националната стратегија за млади на Република Македонија не успеа силно да се наметне на агендата на креаторите на младинската политика на државно ниво. Постојат неколку структурни причини за генералниот неуспех на овој документ.

Правно опкружување

Недостигот на законски регулативи на младинското поле во Република Македонија оневозможи Стратегијата да биде поврзана со конкретна законска регулатива, што ќе овозможи полесно распределување на правата и на одговорностите на клучните актери на имплементација. Исто така, недостигот на ваков законски акт придонесе за недоволна концизност во правните референции при креирањето на одделните области, што дополнително го комплицира целиот процес на имплементирање и на евалуација од страна на примарно замислените имплементатори, односно Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија и Националниот управувачки комитет.

16 http://www.sega.org.mk/web/doc/Nacionalna%20strategija%20za%20mladi%20na%20RM.pdf

Политичко опкружување

Промената на власта во 2006 година, само 8 месеци по донесувањето на овој документ, дополнително влијаеше врз нивото на имплементација на стратегијата. Ако се имаат предвид комплетните кадровски промени што дојдоа како последица, одреден период се блокира создавањето на основната извршна структура што ќе ги имплементира замислените области од овој документ. Овој процес го одложи создавањето и на Националниот управувачки комитет, кое од почеток беше отворено во 2007 година, што значеше дека само промената на владејачката структура одзема речиси 2 години од периодот на имплементација.

Извршна структура

Извршната структура во однос на овој документ ги вклучува препораките за тоа кој тип на структура е најповолна за отпочнување на неговата реализација. Иако во документот јасно беа посочени актерите што требаше да ја имаат носечката улога при имплементирањето на документот, јаснозацртаните решенија сами не беа доволни за да може Стратегијата да се спроведува. Исто така, како една од референците на Стратегијата се јавуваат 11 индикатори за младинска политика на Советот на Европа, каде што, меѓу другото, се препорачува владата да ги финансира активностите на младите[17]. Од донесувањето на Стратегијата до денес, Агенцијата за млади и спорт постојано го намалуваше буџетот за програмски активности за младите, притоа вршејќи алокација во делот за спортските програми, за во последните неколку години практично и да не постои буџет за млади во Агенцијата. Овој процес во најголема мера придонесе за тоа да не се обезбедат основни услови, како за основните трошоци што се неопходни за функционирање на едно вакво тело така и за остварување на активностите од аспект на фондот за распределба кон заинтересираните организации. Дополнително, во анализа издадена од Центарот за истражување и креирање политики се коментираат улогата и неуспехот на Националниот управувачки комитет како најважно тело во институционалната рамка за спроведување на стратегијата. Како некои од причините се наведуваат недоволно замислената идеја за неговата функција, но и кадровските промени, кои беа посочени погоре во текстот[18].

Сите овие причини придонесоа оваа стратегија да не ги оствари своите цели, со што развојот на младинската политика во голема мера стагнираше во целиот овој период и оневозможи младинската политика во Македонија да биде во чекор со регионалната динамика. Сепак, периодот што измина треба да ни послужи како референција при креирање на следните чекори со цел да се избегнат грешките и конечно да се систематизира младинската политика во Македонија.

Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2015 и Акциски план за вработување на младите 2015

Во 2011 година, Владата на Република Македонија ја донесе Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2015 со јасна и природна цел да се намали високата невработеност во земјата. Определено е овој документ да ги содржи среднорочните стратегии и предизвици на пазарот на трудот во периодот 2011-2015 година и да укажува на стратегиските

17 http://www.un.org/esa/socdev/unyin/documents/CoE_indicators.pdf

18 http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2012/03/Policy_brief_-16.pdf

приоритети и предизвици[19]. Документот, иако е ориентиран кон сите граѓани на Република Македонија, го допира прашањето со невработеноста кај младите и промовира одредени политики за активно вработување со акцент на можностите за самовработување кај младите. Според документот, предвидено е до 2015 година вработеноста кај младите лица (од 15 до 29 години) да се подигне до 29%. Неколку делови од оваа стратегија преминаа во извршна фаза со тоа што остварувањето на целите предвидени со Стратегијата е предвидено преку буџетот на РМ, пристапните фондови на ЕУ, единиците на локалната самоуправа и донации. Во согласност со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување, Владата објави неколку различни типови конкурси за финансиска поддршка (грантови, кредити, ослободувања од плаќање) на бизниси започнати од млади луѓе, кои, според ревизијата на Оперативниот план од ноември 2014 година, треба да опфатат 1050 невработени лица со вкупен буџет од над 214 милиони денари[20].

Акциският план за вработување на младите е документ чии цели се базирани врз стратегиските приоритети наведени во Стратегијата, со таа разлика што во овој план се размислува исклучиво за младите и се предвидуваат конкретни мерки, но и буџетска конструкција[21]. Овој акциски план предвидува работа во однос на три приоритетни политики, и тоа: (1) образование и обука, (2) развој на приватниот сектор и (3) политики за пазарот на трудот. Трошоците за остварувањето на овие зацртани цели се проценуваат на 28,2 милиони евра, средства обезбедени од буџетот на Република Македонија и од претпристапните фондови на ЕУ и средства предвидени со самата рамка на документот. Со овој документ е предвидено да се опфатат 28% од вкупниот број млади лица во Република Македонија[22].

Според прегледот на напредокот на Акциският план за вработување 2015, издаден во 2012 година, кој всушност посредно претставува преглед и на Националната стратегија за вработување, кога се работи за младите, е забележано намалување на невработеноста кај младите (од 15 до 24 години) од 55,3% во 2011 на 53,9% во 2012 година. Сепак, според просекот од прегледот, на едно младо лице просечно му се потребни 2 години по завршувањето на образованието додека да најде работа[23].

Во однос на комуникацијата и на вклученоста на младите во креирањето на решенијата во нивна полза, вреди да се забележи дека детектираните проблеми и утврдените цели во Стратегијата (транзиција од училиште/факултет на пазарот на трудот, недостиг на неформално образование, зголемување на мобилноста) кореспондираат со програмите на голем број младински организации. Затоа, младинските организации треба да имаат поголема консултативна улога при креирањето на ваков тип документи. На пример, во советодавната група за вработување на младите при креирањето на Акциският план за вработување на младите 2015 не се консултирани претставници на младинските организации,

19 http://www.konkurentnost.mk/StrateskiDokumenti/Nacionalna%20strategija%20za%20vrabotuvanje.pdf

20 Оперативен план за изменување и дополнување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2014 година (ноември 2014) – http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

21 http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/vrabotuvanje_mladi_akciski.pdf

22 За поопширни информации, консултирајте го Акциският план за вработување на младите 2015 – http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

23 Акциски план за вработување на младите 2015 година – преглед на напредок – http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

без разлика дали се работи за поединечни организации или за претставнички мрежи на младински организации и на организации за млади.

Иако овие два документи преставуваат конкретни чекори кон решавање на едно сериозно младинско прашање, препораката и во овој случај се насочува кон тоа да се зголеми нивото на консултација со други релевантни фактори за младите при креирањето на ваквите мерки.

Закон за волонтерство и поврзани законски акти

Со Законот за волонтерство се уредуваат волонтерството, условите и начинот на вршење на волонтерството, правата и обврските на волонтерите и на организаторот на волонтерството, договорот за волонтерството и евиденцијата на волонтерската работа[24]. Законот беше донесен во 2007 година, а неговото креирање беше резултат на широка консултација на Владата со невладиниот сектор, при што се овозможи овој закон во голема мера да ги отсликува ставовите на сите инволвирани страни. Една година подоцна, во 2008 година, Законот беше ревидиран, при што се овозможи и општините и Градот Скопје да бидат организатори на волонтерска работа. Измените стапија на сила од јануари 2009 година.

Овој закон го регулира односот меѓу волонтерот и организацијата, но притоа не ја ограничува можноста за волонтирање со случајна природа[25]. Од аспект на младинската политика, Законот ги регулира правата и обврските на волонтерите и на организациите (како организатори на волонтерска работа) и е важен како од аспект на тоа да оневозможи злоупотреба на младинското волонтирање така и од аспект на тоа да служи како еден вид почетен регулаторен механизам што ја детерминира волонтерската младинска работа кон трети страни[26]. Попрецизно, овој закон го дефинира волонтерството во Република Македонија, ги уредува правата и обврските на волонтерите, ги дефинира елементите на волонтерскиот договор, го регулира издавањето волонтерска книшка и пропишува прекршочни одредби како кон организаторот на волонтерската работа така и кон волонтерот[27].

Пет дополнителни закони се поврзани со регулацијата на волонтерската работа:

Закон за социјална заштита – каде што на местото каде што се говори за доделување социјални бенефиции заради заштита на определени категории лица (на пр. сиромашни, стари лица, лица со посебни потреби и сл.) се наведува и волонтерската работа како средство на програмата за излегување накрај со социјалните проблеми. Овде на волонтерската работа се гледа како на работа што е извршена 'со лично ангажирање и без надомест'.

Закон за безбедност и здравје при работа – каде што се вклучуваат и волонтерите во однос на обезбедувањето мерки за безбедност и за здравје при работата.

Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување – во кој е уредено прашањето на осигурување во случај на професионални болести и на повреди на работа.

Закон за персонален данок на доход – каде што трошоците поврзани со волонтерската работа се ослободуваат од персонален данок на доход.

24 http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/zakon%20za%20volonterstvo.pdf

25 http://www.tacso.org/top_links/Print.aspx?id=5259

26 http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/zakon%20za%20volonterstvo.pdf

27 http://www.volonter.mk/images/sjcontent/6.Publikacii/1.Vodic%20za%20volonterstvo.pdf

Закон за странци – во кој се регулирани условите за добивање дозвола за привремен престој за извршување и на волонтерска работа“ (член 49)[28].

Во однос на спроведувањето на Законот за волонтерство во Република Македонија, тешко е да се определи фактичката ситуација поради неколку причини. Прво, не постојат релевантни податоци за тоа колку волонтери имаат регулиран однос во Република Македонија. Второ, институциите и организациите што всушност се организатори на волонтерска работа не ги пријавуваат своите волонтери. Конечно, постојат повеќе случаи каде што волонтерите се пријавени и имаат регулиран волонтерски договор, но во практиката изработуваат многу повеќе работни часови од максимално предвидените со закон. Сите овие фактори, покрај тоа што придонесуваат да не може да се определи нивото на имплементација на Законот, ги отсликуваат и реалните проблеми со волонтерството во Македонија[29].

Сепак, тука може да се забележи дека и самото законското решение не преставува проблем колку што претставуваат проблем одредени фактори што го опкружуваат волонтирањето, како, на пример, ниската волонтерска култура, која придонесува ниту волонтерот ниту организацијата да не се заинтересираат за тоа како е регулирано волонтерството.

За надминување на овие проблеми, во октомври 2010 година Владата на Република Македонија ја донесе Стратегијата за промоција и развој на волонтерството 2010-2015[30]. Сепак, проблемите се присутни, при што останува сите засегнати страни, како од државниот така и од граѓанскиот елемент, дополнително да работат на промоција на волонтерската работа и на дополнително подигнување на волонтерската култура. Овој ефект треба да се постигне како кај организаторите на волонтерската работа така и кај самите волонтери со цел двете страни да бидат свесни за своите права и обврски како волонтери.

Други законски акти и стратегиски документи поврзани со младите во Република Македонија

Во овој дел, табеларно се прикажани сите други закони и документи што се поврзани со младите во Република Македонија. Во табелата е даден краток опис на законскиот акт или на документот и се опишани актерите задолжени за неговата имплементација.

28 http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_volonterstvo.pdf

29 За повеќе информации околу предизвиците поврзани со волонтерството во Македонија, консултирајте ја следнава анализа: Volunteering infrastructure in Europe, Chapter 17: Macedonia (2012). Brussels: European Volunteer Centre, 240-249 – http://issuu.com/european_volunteer_centre/docs/volunteering_infrastructure_in_europe

30 http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_volonterstvo.pdf

Законски акти и документи	**Опис (според интегрален текст)**
Закон за средно образование	Со овој закон се уредува организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование, како дел од системот на воспитанието и образованието.
Закон за високо образование	Со овој закон се уредуваат автономијата на универзитетот и академската слобода, условите и постапката за основање и престанок на високообразовните установи, системот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование, основите за организација, управување, развој и финансирање на високообразовната дејност.
Закон за ученички стандард	Со овој закон се уредува основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за ученичкиот стандард како дел од системот на воспитанието и образованието.
Закон за студентски стандард	Со овој закон се уредува дејноста студентски стандард, основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за студентскиот стандард како дел од системот на образованието и стипендирањето на студентите.
Стратегија за интегрирано образование	Интеграција преку заеднички активности на учениците кои следат настава на различен јазик; зголемување на взаемното познавање на јазиците кај учениците и возрасните; прилагодување на наставниот план и програма и на учебниците**;** квалификацијата на наставниците поврзана со компетенциите за интеграцијата во образованието; управувањето на училиштата во децентрализиран контекст.
Стратегија за развој и промовирање на волонтерството 2010-2015	Промовирање на волонтерството; промовирање на волонтерската култура; зголемување на нивото на волонтирање; Институционална поддршка на волонтерството.
Национална стратегија за сексуалното и репродуктивното здравје 2010-2020	Заштита на сексуални и репродуктивни права; Планирање на семејството и контрацепција; Сексуално и репродуктивно здравје на одредени категории од населението.
Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017	Промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор (здруженијата и фондациите), преку мерки за зајакнување на заемната соработка.

3. Имплементацијата на постојани младински политики: анализа и препораки

Ако се има предвид дека моментално во Република Македонија не постои институција во форма на ресорно министерство што директно ќе биде ангажирано за креирање на државниот елемент во младинската политика во Република Македонија, најголемиот дел од директните политики се во надлежност на повеќе органи, што го прави давањето препораки вистински предизвик. Сепак, во овој дел, ќе се обидеме да направиме анализа на тоа кои се тематските и структурните недостатоци на моменталната младинска политика во Република Македонија, а со тоа и да извлечеме препораки во кои полиња треба да се насочи енергијата во периодот што следува. Во однос на тоа, наведени се 4 области каде што сите релевантни актери треба да постигнат одредени подобрувања.

1. **Системски пристап**
2. **Континуитет**
3. **Алокација на средства**
4. **Вклученост и комуникација**

Системскиот пристап е важна детерминанта кога се оценува младинската политика. Тој ни овозможува да добиеме пореална претстава како за степенот на организација на институциите на системот така и за посветеноста во однос на младинските прашања.

Како што може да се види во анализата на клучните актери од државниот елемент, моментално во Република Македонија младинската политика не е застапена преку тела што експлицитно ќе се насочат само кон младите. Тоа е случај како во **законодавната** така и во **извршната** власт.

Во **законодавната власт,** односно Собранието на РМ, кое по правило треба да е еден од основните двигатели и креатори на политиките за млади, прашањата за младите се застапени само во Комисијата за образование, која се фокусира на образовните аспекти од младинската политика, кои се важни, но не и еднакви на младинска политика. Ако се има предвид широкиот опсег на младинската политика, која ги опфаќа сите аспекти на младинското живеење, може да дојдеме до заклучокот дека е ова тело ориентирано кон младите, но му недостигаат потемелен пристап и стратегиска ориентираност на младинските прашања во целост. На пример, иако има повеќе млади пратеници во собранието, тие се дел од други комисии, додека во единствената комисија што поексплицитно се занимава со млади, како што посочивме погоре, членуваат релативно повозрасни членови.

Во периодот што следува, институциите на извршната и на законодавната власт треба на посистематичен начин да ги третираат прашањата со младите како посебна демографска и социјална категорија.

Во однос на **извршната власт**, при креирањето на младинските политики, но и при донесувањето на следната стратегија во 2015 година, институциите треба да се водат според неколку начела. Најпрвин, треба да се обидат да ги анализираат и да ги избегнат грешките што беа направени со минатата стратегија и што се дискутирани погоре во текстот. Потоа, со конкретна алокација на средства и на човечки ресурси, потребно е да се обезбеди функционирањето на извршните структури за исполнување на стратегијата, како од технички така и од програмски аспект.

Дополнително, потребно е да се изградат механизми за комуникација со младите, без

разлика дали се работи на ниво на индивидуи или, пак, на организации. Досегашната практика покажува дека извршните власти оваа комуникација ја остваруваат на несистематизиран начин и дека таа често се базира на ад хок иницијативи и на индивидуална политичка волја, што, пак, одразува друг проблем, а тоа е **континуитетот** во работата и во пренесувањето на започнатите иницијативи кон новите раководни лица.

Континуитетот како принцип во младинската политика во голема мера е испреплетен со системскиот пристап, а може и слободно да се означи како дополнителна карактеристика на системскиот пристап кон одредена политика. Како што посочивме, често политиките, како во државниот така и во граѓанскиот елемент, се базирани на ад хок иницијативи од страна на институциите или на младинскиот сектор, но и на политичка волја и подготвеност на одредени политики од замисла да се претворат во реалност. Базирано на тоа, но и поврзано со проблемот со честите кадровски промени во институциите, тие оневозможуваат задржување на одредени политики на долг рок. Како пример за тоа се проблемите што се појавија и при имплементирањето на Стратегијата за млади, кои беа посочени.

Од аспект на младинскиот сектор во граѓанското здружување, недостигот на континуитет во политиките им оневозможува на организациите да воспостават долготрајни контакти што ќе им овозможат подобар простор за застапување на своите идеи и замисли. Исто така, зависноста на голем број организации од финансиите поврзани со проектно работење дополнително ги оневозможува младинските организации да водат долготрајни политики и да одржуваат постојани контакти и релации со релевантните фактори. Токму поради тоа, потребно е да се воспостави систем за поддршка на младинските организации на локално и на национално ниво, што ќе овозможи поголема одржливост на младинските организации и унапредување на нивната улога како генератори на младинската политика. Системската поддршка треба да обезбеди простор младинските организации да воспоставуваат и да водат значаен дијалог со институциите, кој ќе поттикнува отворени партнерства во креирањето политики за млади. Системската поддршка во делот на младите треба да гарантира буџетски и просторни услови за младите надвор од формалниот образовен систем за организациите да можат да се доградуваат и да се унапредуваат. Ова значително ќе ја помогне и ќе ја поттикне улогата на младинските организации, кои во моментов се основните фактори што работат на тој сегмент во земјата. Системскиот пристап и континуитетот во дејствувањето се особено значајни полиња, на кои треба заеднички да се работи за да се постигнат подобрена ефикасност и избегнување репликативност во решенијата.

За да се постигнат овие цели, покрај мотивација и организациска реконструкција, потребна е и адекватна **алокација на средствата**. Во досегашната практика се покажа дека, иако државата одвојува средства за младите, тие средства се во голема мера дисперзирани по повеќето институции што имаат допирна точка со младите. Ваквиот пристап оневозможува креирање конзистентна младинска политика, но оневозможува и креирање концизни индикатори за евалуација на нејзината успешност и влијание. Иако проблемите на младите побаруваат мултилатерален наместо унилатерален пристап и нивната имплементација подразбира ангажман на многу различни актери, потребно е средствата одвоени за младите да се алоцираат преку централизиран систем. Тоа ќе овозможи организиран пристап кон младинските прашања, можност за сослушување на младите за нивните прашања, но и ќе создаде средина од која ќе се извлечат индикатори за евалуација на спроведените политики.

Алокацијата на средствата треба да ги опфати како креирањето така и спроведувањето на младинската политика. Во однос на креирањето на основните документи поврзани со младите, алокацијата на средствата треба да им овозможи на младинските организации да создадат капацитети за стратегиско планирање и креирање подолгорочни програми што ќе ја намалат нивната зависност од донатори и од несистематско работење на краткорочни проекти. Овие средства треба да им овозможат на младинските организации да креираат програми што се во согласност со нивните стратегиски приоритети.

Исто така, при донесувањето на документите поврзани со младите, без разлика дали се работи за новата стратегија за млади што ќе почне да важи од 2015 година или за друг вид документ, потребно е да се алоцираат средства што ќе овозможат извршните структури што ќе бидат најдиректно инволвирани во спроведувањето да имаат одреден буџет со кој ќе можат да ги остваруваат своите активности.

За да се постигне поадекватна распределба на средствата, едни од клучните елементи се **вклученоста и комуникацијата** што треба да се постигнат на релација меѓу државниот и граѓанскиот елемент. Моментално не може да се детектираат конзистентни комуникациски канали меѓу младите и граѓанските и политичките здруженија што ги преставуваат како во законодавната така и во извршната власт. Поради проблемите наведени погоре, младите се соочуваат со сериозни проблеми да ги пренесат своите ставови кон државните структури во случаите кога е нивното учество неопходно за нивно остварување.

Од друга страна, вклученоста и комуникацијата во младинската политика може да се гледаат толку широко што сите елементи наброени погоре можат да се вклопат во една целина што ќе води кон подобрување на вклученоста на младите и на нивната комуникација со сите структури што се потребни за остварување на нивните интереси.

Од аспект на вклученоста на младите, може да зборуваме на повеќе нивоа на кои треба да се работи за да се подобри вклученоста на младите во креирањето на политиките што нив директно ги засегаат. Најпрво и основно, младите во многу мала мера се застапени во организациите што треба да ги претставуваат, додека, пак, младинските организации се соочуваат со сериозни проблеми да ги анализираат интересите на младите што не се заинтересирани за младински прашања или, пак, се со ограничени можности. Во најголем дел, младинските организации анимираат млади што сами имаат пројавено интерес да се вклучат во одредена форма на организацијата, со што се стекнува впечаток дека младинските организации често се гласот на младите што се проактивни, но тешко допираат до оние што се незаинтересирани или, пак, се дел од средини каде што немаат можност да ги истакнат своите ставови. Ваквата поставеност придонесува за проблеми со репрезентативноста на младинските организации, со што дополнително им се отежнува работата во однос на пренесувањето на нивните ставови. Покрај тоа, како проблем за кој може да се зборува во однос на степенот до кој младинските организации придонесуваат кон вклученоста на младите е и тоа што голем дел од младинските организации артикулираат млади заинтересирани во општествените науки, а многу мал број организации работат со младите со различни интереси, како информатичарите, хемичарите или инженерите. Исто така, најголемиот дел од организациите што работат со младите над 18 години имаат членство со високо образование (во тек или завршено). Сите овие наведени работи придонесуваат многу млади да се практично исклучени од членството во

младинските организации. Оваа констелација ја лимитира можноста на организациите да вклучат повеќе млади со различни профили и интереси. Сепак, и покрај сите наведени проблеми со кои се соочуваат младинските организации во тоа да вклучат различни профили на млади, ниската вклученост на младите во младинската политика тешко може да им се припише на младинските организации бидејќи тие се најголемиот инкубатор на младински интереси, иако со толку предизвици се соочуваат.

Тука доаѓаме до следното ниво на вклученоста на младите, а тоа е како младинските организации комуницираат со актерите што имаат можност да решаваат прашања што се во нивен интерес. Младинските организации и институциите со години наназад не можат да воспостават комуникациски канали што ќе пренесат повеќе од една иницијатива и што ќе ги надминат честите кадровски промени. Националните младински мрежи преставуваат одлична можност да се воспостави оваа комуникација. Овој пристап ќе донесе двослојна придобивка:

Прво, ќе се креира механизам на комуникација што ќе биде многу лесно да се воспостави со оглед на тоа што веќе постојат организирани младински мрежи и во некои делови одредени фази на комуникација се започнати.

Второ, комуницирањето преку младинските мрежи ќе овозможи зголемување на интересот на младинските организации и на младите да се вклучат во тој процес преку тоа што ќе може да ја почувствуваат користа од тој пристап.

Забелешки:

Од горенаведените карактеристики на актерите и на процесите (под процеси се подразбираат и документите и правните решенија што нив ги обликуваат) во македонската младинска политика, може да резимираме неколку важни поуки што се корисни за сите заинтересирани фактори што имаат мотив да променат одредени начини на дејствување.

Во однос на актерите, во анализата ги систематизиравме основните актери и нивните основни функции и перформанси во младинската политика. Исто така, дадовме определени препораки за тоа како треба да се постават актерите кон младинската политика за да се стекне поголема ефикасност на зацртаните решенија, но и поголема репрезентативност.

Во однос на процесите, преку тематска анализа на проблемите посочивме четири генерални области што влијаат врз развојот на младинските политики, а со тоа и врз нивното остварување.

Исто така, преку целата анализа, всушност, одговоривме на дел од прашањата поврзани со вклученоста на младите во креирањето на младинската политика, како и на тоа кои се бариерите што треба да се надминат за младинските политики да бидат сè повеќе под влијание на млади лица.

Сепак, младинската политика во Македонија е комплексна тема и лимитираниот простор на оваа анализа нè принуди во одредена мера да симплифицираме и да генерализираме некои од процесите со цел да ги вметнеме во една скратена рамка. Сепак, со воспоставената структура и со темите што ги посочивме, се надеваме дека ќе влијаеме врз насочувањето на натамошната анализа на младинската политика во целост.

Квантитативно и квалитативно истражување за тековните состојби со младинските политики во македонија преку перцепцијата на младинските организации

Прегледот на достапните младински политики во овој проект се реализира преку десктоп-анализа, прашалник и фокус-групи, при што се обезбедија квалитативни и квантитативни податоци за тековните состојби со младинските политики во Македонија, особено преку перцепцијата на младинските организации.

Со цел да се утврдат познавањето и ставовите за младинските политики меѓу младинските граѓански организации, НМС спроведе интернет- истражување како дел од поширока анализа иницирана со намера да се утврди состојбата со информираноста на граѓанските организации што се занимаваат со младинското учество како активен фактор во општеството. Истражувањето е со идеја да даде подетален преглед на тоа во која мера младинските организации се информирани и ги познаваат законските одредби и правилници со кои се уредуваат нивните права и обврски, како и со кои се гарантира нивниот статус во општеството.

ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Спроведеното истражување имаше цел:

- да ги испита познавањето и ставовите на младите луѓе, активисти во младински граѓански организации, околу младинските политики во Република Македонија;
- да испита до кој степен младите се свесни за своите права и за својот статус во општеството;
- да испита до кој степен младите се запознаени со процедурите на донесување законски одредби и во кој степен се вклучени во нивното креирање;
- да испита до кој степен младинските граѓански организации се потпираат врз постојната законска регулатива во својата секојдневна работа со цел да ги унапредат статусот и правата на младите во општеството;
- да испита до која мера постои недостиг на соодветна законска регулатива потребна за секојдневно функционирање на граѓанскиот сектор, односно до кој степен и на кој начин припадниците на младинскиот граѓански сектор сметаат дека треба да постојат определени дополнувања и/или промени во законската регулатива;
- да се испитаат ставовите на младинските организации за функционирањето на институциите на системот поврзани со нивната работа;
- да се испитаат ставовите на младите активисти за формирањето на Националниот младински совет на Македонија и за учеството во него;
- да направи преглед на препораките на младинските организации во однос на законската регулатива што се однесува на нив.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Методологијата на истражувањето беше дефинирана во консултација со организациите-членки на НМСМ. Со желба да се добие што попрецизна анализа на знаењата и на ставовите на младинските граѓански организации за младинските политики во земјава, се примени комбинација од квантитативна (анкетен прашалник) и квалитативна (фокус-групна дискусија) методолошка истражувачка постапка.

Примерокот на истражувањето е случаен и ги опфаќа младинските организации што активно функционираат на територијата на Република Македонија, како и млади луѓе, членови и активисти на младинските организации од повеќе градови во земјава.

Прашалникот (види прилог 1) се состои од вкупно 14 прашања од отворен и затворен тип и се дистрибуираше по електронски пат. Во прашалникот се бараше официјалните претставници на организациите да го дадат своето мислење за повеќе теми во согласност со своето работно искуство. На прашалникот одговорија вкупно 38 организации-членки на НМС (табела 1).

Табела 1. Организации што одговориле на прашалникот.

1.	Мултикултура	2.	Together Macedonia	3.	Македонски центар за евроатлантски интеграции – Скопје
4.	Здружение за заштита на културниот идентитет на Египќаните „ИЗИДА 41/21“ – Ресен	5.	Црвен крст на Република Македонија	6.	Здружение Граѓански центар за одржлив развој ЕГРИ
7.	Фондација за развој на локалната заедница	8.	Организација на жените на Општина Свети Николе	9.	Центар за регионален одржлив развој
10.	ЦЕФ Македонија	11.	РРОМА	12.	Регионален центар за застапување
13.	Фондација „Фокус“ – Велес	14.	Здружение на граѓани „МЛАДИ ЗА ЕВРОПСКА МАКЕДОНИЈА“ – Виница	15.	Центар за рурален развој „Бујрум“
16.	Гоу грин – Скопје	17.	Реактор	18.	Центар за меѓукултурен дијалог
19.	МОДОМ	20.	Центар за младински активизам КРИК	21.	Младински образовен форум (МОФ)
22.	Сојуз на извидници на Македонија	23.	Младински културен центар – Битола	24.	Младите можат
25.	Асоцијација НЕЛ	26.	ЗРА Аква	27.	УМС на ВМРО – Народна партија
28.	Студентска организација „Излез“	29.	AEGEE Скопје	30.	Клуб на Оратори „Forum Oratores“ – Скопје
31.	Европско здружение на студентите по право во Република Македонија (ЕЛСА РМ)	32.	Младинска организација на ДПСМ		

Квалитативната медота опфати спроведување на 9 фокус-групи со членови на младински организации и на младински совети во Република Македонија. Фокус-групите се спроведоа во 7 градови на Македонија, односно во дел од градовите каде што НМСМ има најголем број организации-членки. По една фокус-група беше спроведена во Тетово, Струга, Битола, Гевгелија, Куманово, Велес и во Штип и две во Скопје. Со фокус-групите беа опфатени вкупно 59 млади луѓе, членови и активисти на младински организации. Фокус-групите беа спроведени во текот на јуни 2014 година.

КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА

Анализата на прашалникот е направена според одговорите на младинските организации во однос на секое од поставените прашања.

На прашањето кои институции на државата се одговорни за прашањата што се однесуваат на младите и на организациите што работат со младите, Агенцијата за млади и спорт со 62,16%, Министерството за образование и наука со 40,54% и Министерството за труд и социјална политика со 18,91% се меѓу најпрепознатливите институции од страна на младинските организации. 16,22% од организациите ја препознаваат Владата на РМ како одговорна за прашањата поврзани со младите, но 10,81% го сметаат тоа за Собранието на РМ, за Министерството за култура и за локалната самоуправа, 8,11% од младинските организации сметаат дека Секретаријатот за европски прашања е задолжен за прашањата поврзани со младите, 5,41% сметаат дека Министерството за здравство е исто така одговорно за прашањата поврзани со младите, 5,41% сметаат дека Националната агенција е задолжена за прашањата што се однесуваат на младите, додека по 2,70% го сметаат тоа за Агенцијата за вработување на Македонија и за Министерството за правда. Графичкиот приказ на резултатите на ова прашање е даден во продолжение на слика 1.



Слика 1: Кои институции на државата се одговорни за прашањата што се однесуваат на младите и на организациите што работат со младите?

Понатаму, младинските организации беа запрашани дали знаат кои закони, акти и други документи директно се однесуваат на младите во Република Македонија, при што 19% од организациите одговориле дека не знаат, а 81% сметаат дека знаат кои закони, акти и други документи директно се однесуваат на младите во Република Македонија. Графичкиот приказ на одговорите на ова прашање е прикажан на слика 2.



Слика 2: Дали знаете кои закони, акти и други документи директно се однесуваат на младите во Република Македонија?

Младинските организации, исто така, беа запрашани дали некогаш биле консултирани, како младинска граѓанска организација, за учество во јавна дебата или во друг консултативен процес при донесувањето на некоја законска одредба, политика, стратегија или друг документ за младите со јавен интерес, при што 68% од организациите одговориле потврдно, а 32% никогаш не биле вклучени во ваков процес. Графичкиот приказ на резултатите на ова прашање е прикажан на слика 3.



Слика 3: Дали некогаш сте биле консултирани, како младинска граѓанска организација, за учество во јавна дебата или во друг консултативен процес при донесувањето на некоја законска одредба, политика, стратегија или друг документ за младите со јавен интерес?

Од организациите што биле консултирани за некој документ, 62,16% биле консултирани при изработката на Локалната стратегија за млади, 8,11% биле консултирани за изработката на Националната стратегија за млади, 8,11% за Законот за млади и 8,11% за Законот за волонтерство. 5,40% биле консултирани за Законот за младинска работа. Дополнително помал број организации биле консултирани за други документи, односно 2,70% од организациите биле на некој начин консултирани при изработката на Акциониот план за вработување на млади, Стратегијата за

климатските промени, Стратегијата за спречување на корупција и конфликти, при усвојувањето на етички кодекс на ЈИЕ, при основањето на локални младински совети, при имплементацијата на Законот за пристап до информации, во измената на Законот за високо образование и во истражувањето на ставовите на публиката за телевизиските и радиопрограмите. Графичкиот приказ на резултатите на ова прашање е прикажан на слика 4.

Слика 4: За кои документи за млади сте биле консултирани?

Од организациите што изјавиле дека не биле вклучени во креирањето на каков било документ за младите со јавен интерес се побара мислење за тоа дали сметаат дека би требало да бидат вклучени во консултативен процес и, доколку е одговорот потврден, на кој начин очекуваат дека би требало да бидат вклучени. Сите организации што досега не биле вклучени во ниту еден консултативен процес сметаат дека во иднина би требало да бидат вклучени. Она што го издвојуваат како најбитна карактеристика на процесот на вклучување на младите во донесувањето одлуки

и законски акти е дека процесот би требало да биде инклузивен и да ги вклучува сите млади во земјата преку нивни претставници, како и дека младите треба да бидат вклучени во процесот на донесување одлуки и закони од самиот почеток и дека треба активно да учествуваат во секоја негова фаза.

Во однос на прашањето дали некогаш се обратиле во некоја надлежна институција со цел да се реши некое/некој младинско/младински прашање/проблем или да се отпочне соработка поврзана со нивната работа, 49% од организациите одговориле дека се обратиле, додека 51% никогаш не се обратиле до некоја институција. Графичкиот приказ на резултатите на ова прашање е прикажан на слика 5.



Слика 5: Дали некогаш сте се обратиле во некоја надлежна институција со цел да се реши некое младинско прашање/проблем или да се отпочне соработка поврзана со нивната работа

Од организациите што се обратиле до некоја институција, 30% ги оцениле институциите како целосно отворени за соработка, 57% како делумно отворени за соработка, 9% како многу отворени за соработка и 4% како воопшто неотворени за соработка. Графичкиот приказ на резултатите на ова прашање е прикажан на слика 6.



Слика 6: Како ја оценувате отвореноста за соработка на институциите?

Понатаму, организациите ги елаборираа причините поради кои пристапиле до одредена институција. Одговорите што се добиени од страна на организациите на ова прашање се прикажани табеларно во табела 2.

Табела 2: На кои институции им се обративте за соработка и која беше причината за тоа?

Институција	Број на организации	Причина за обраќање
АМС	6	/
Општина Тетово	1	/
Општина Свети Николе	1	/
Општина Куманово	1	/
Општина Велес	1	За формирање локален младински совет
Локална самоуправа Битола	1	/
Локална самоуправа Струга	1	/
Град Скопје	1	Апликација за проект „Летен универзитет“
ДСУ „Цар Самоил“ – Ресен	1	/
Општина Ресен	1	/
Совет на општина, Градоначалник	1	Разговор за младинските проблеми посочени од младите членови на граѓанскиот сектор, за соработка и за изработка на документи поврзани со младински прашања, отпочнување на процесот за формирање локален младински совет.
Сектор за образование при Општина Неготино	1	/

Младинските организации, исто така, беа прашани дали во текот на својата досегашна работа се сретнале со недостиг на постоење на законска одредба, политика, стратегија или друг документ со јавен интерес, кои се однесуваат на младите, а кои во моментот им биле потребни. 70% од организациите одговориле потврдно на ова прашање, додека само 30% одговориле дека

никогаш не се соочиле со ваков недостиг. Графичкиот приказ на резултатите на ова прашање е прикажан на слика 7.



Слика 7: Дали во текот на досегашната работа сте се сретнале со недостиг на постоење на законска одредба, политика, стратегија или друг документ со јавен интерес, кои се однесуваат на младите, а кои во моментот ви биле потребни?

Освен на прашањето дали некогаш се соочиле со некаков недостиг на законска регулатива поврзана со младите, младинските организации дадоа информација и околу тоа во кои области поточно го гледаат недостигот. Младинските организации сметаат дека најголемите недостатоци се во следните области:

- донесување и практикување на закон за млади;
- донесување и практикување на закон за волонтерска работа;
- донесување и практикување на закон за младинска работа, како и донесување на закон/стратегија за младински работници;
- финансирање младински организации;
- инклузивни младински совети;
- дијалог со соодветна почит меѓу институциите и НМСМ;
- поддршка на младинскиот развој;
- креирање функционални национални и локални стратегии за млади, како и соодветни планови и буџети за нив;
- соодветно регулирање и функционирање на студентското здружување;
- поддршка и унапредување на младинското организирање, утврдување мерки и препораки поврзани со младите и со младинските активности, учество на младите во креирањето, во носењето и во спроведувањето политики што се однесуваат на младите;
- недоволно учество на младите во носењето одлуки за прашањата од нивен интерес;
- непостоење на механизми за координирање на активностите на младите во различни програмски дејности;
- немање формална независност од мајката-партија и неможност за регистрација како политички подмладок;
- невклученост на средношколското организирање и учество во Законот за средно образование;
- усвојување нова стратегија за развој на образованието;
- недостиг на јасни индикатори со кои би се мерела успешноста на Стратегијата за намалување на невработеноста кај младите;

- закон за неформално образование – сертифицирање на организацијата како овластен понудувач на неформално образование;
- потреба од механизам за структурен дијалог со институциите.

Младинските организации беа запрашани и за тоа кои се клучните работи што би сакале законот за млади во РМ да ги содржи, при што ниту една организација не дала свој предлог.

На прашањето дали се запознаени со процедурата за донесување стратегија за млади во Република Македонија, 77% од организациите одговориле дека се запознаени, додека 23% дека само делумно се запознаени со оваа процедура. Графичкиот приказ на резултатите на ова прашање е прикажан на слика 8.



Слика 8: Дали сте запознаени со процедурата за донесување стратегија за млади во Република Македонија

Освен за тоа дали се запознаени со процедурата за донесување стратегија за млади во Република Македонија, младинските организации подетално се изјаснија околу тоа колку се информирани и што сметаат дека треба да содржи таа стратегија. 13,51% од организациите одговориле дека не знаат поточно што содржи, што би требало да содржи и како точно се донесува стратегијата за млади и единствено се информирани дека постои некаков процес на донесување стратегија за млади што подолго време доцни и дека не се преземени конкретни акции за негово остварување. 18,92% од организациите сметаат дека основен принцип при изготвувањето стратегија за млади е целосно вклучување на младите во консултативни активности за време на целиот процес, преку организација на тркалезни маси, јавни дебати, средби со претставници на организации, со студенти и со средношколци, како и други форми на вклучување на младите. 10,80% од организациите сметаат дека стратегијата за млади се однесува на лоцирањето на клучните проблеми на младите и на нудењето решенија за нив со цел да се оствари подобар стандард и квалитет на животот на младите, додека 2,70% од организациите сметаат дека стратегијата за млади би требало да ги содржи заклучоците на Лисабонскиот самит на ЕУ од 2001 година, на Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, на Стратегија за ЕУ интеграции, на Националната стратегија за развој на информатичко општество, како и креирање регистар на младински организации и на организации што работат со младите, спроведување на истражување за активностите на организациите што се во рамките на интересите на младите, спроведување процена на капацитетните и на приоритетните полиња на дејствување и изготвување финален предлог до Владата на Република Македонија.

Организациите понатаму се изјаснуваа за тоа дали сметаат дека младинските организации во Македонија имаат капацитет да учествуваат во консултативните процеси во земјата што се однесуваат на младите. Притоа, 72,97% одговориле дека сметаат дека младинските организации во целост имаат капацитети да учествуваат во консултативните процеси во земјата, додека 27,03% одговориле дека сметаат дека младинските организации само делумно имаат капацитети да учествуваат во консултативните процеси што се однесуваат на младите.

Организациите, исто така, беа замолени да одговорат на прашањето во кои области сметаат дека е потребно дополнително градење на капацитетите на младинските организации со цел активно и успешно учество во креирањето на младинските политики, при што тие беа речиси едногласни во ставот дека е потребно здружено и организирано дејствување на младинските организации со цел поуспешно да се застапуваат и да се претставуваат интересите на младите луѓе. Најголем дел од нив сметаат дека НМСМ треба да ја преземе улогата на застапник на младите во РМ. Со самиот факт дека е таа чадор-организација, нејзиниот легитимитет е поголем. Организациите што беа испитувани сметаат дека еден вид ваква платформа, која ќе ги обедини на едно место сите младински организации и организации за младите, место каде што ќе може да се организираат групи од интерес за одредени прашања на кои работат поединечни организации, претставување на ставовите на мнозинството млади, организација што има преглед кои организации со што точно се занимаваат, а е во интерес на младите, организација што нема директно да се заложи за решавање одредени прашања, туку ќе ги поврзе оние организации што ги имаат искуството и капацитетот, би била особено корисна да функционира во иднина како организиран моќен фактор што ќе ги штити и ќе ги застапува интересите на младите пред законодавниот и пред политичкиот систем.

Организациите понатаму одговараа на прашањето кои, според нив, треба да бидат клучните карактеристики на идниот процес на креирањето нова стратегија за млади во Република Македонија. Најголем дел од организациите што учествуваа во истражувањето сметаат дека процесот на формирањето нова стратегија за млади би требало да се насочи кон утврдувањето и кон идентификувањето на реалните проблеми на младите во земјава. Овој процес би требало да биде потпомогнат од соодветни јавни дебати, трибини и други форми на испитување на мислењето на младите. Понатаму, стратегијата за млади би требало да обезбеди и да осигури активно учество и вклученост на младите во сите процеси на донесувањето одлуки во општеството, особено на оние полиња што се најрелевантни за нив. Стратегијата за млади би требало да ја вклучува и интеграцијата во ЕУ како област со големо значење за младите. Исто така, голем акцент би требало да се стави и врз вработувањето на младите, како огромен проблем со кој се соочуваат младите во денешнината, како и врз условите на работење, врз правата на работниците и врз промоцијата на вработувањето на младите. Во процесот на донесување нова стратегија за млади, транспарентноста и инклузивноста на процесот би биле од огромно значење и стратегијата би требало да е однапред објавена, како и да постои јасна временска рамка на консултативниот процес, за да можат организациите да се подготват навремено. Исто така, таа би требало да е базирана на младинските и на човековите права, да биде инклузивна и фокусирана, со јасни приоритети, без повторување на веќе постојните политики, да биде партиципативна, да промовира образование, младинска размена,

неформално образование и волонтерство. Според младинските организации, пред сè е важно да се направи контролен механизам за контрола на начинот на имплементација на стратегијата, како и да се направи евалуација на успешноста на претходната стратегија. Процесот на донесување нова стратегија за млади би требало да е воден од стручен тим со професионално искуство во стратегиското планирање и со одлични познавања на младинскиот сектор. Содржината да биде извлечена од младинските организации, а да изостанат наметнати решенија.

КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА

За спроведување на ова истражување, покрај квантитативната анализа, направена е и квалитативна анализа, за чија цел беше користен методот на фокус-групи. Беа формирани 6 фокус-групи во 6 региони во Македонија, централизирани во Штип, Куманово, Тетово, Кичево, Струга и во Битола. Дискусијата беше координирана од модератор и беше снимена нс аудиозапис. Фокус-групите беа избрани како квалитативен модел на истражување поради флексибилноста на дискусијата, чија природа дејствува поттикнувачки за испитаниците да споделуваат свои мислења без ограничување и поради можноста да се опсервираат нивното однесување и реакции. Квалитативната анализа дава можност да се анализира моменталната состојба за степенот на информираноста на младинските организации за постојните младински политики и за степенот на нивната вклученост во процесот на нивното креирање и имплементација, да се преиспита релевантноста на постојните политики во однос на потребите на младите и да се развијат препораки за унапредување на младинските политики со главен акцент на младинското учество.

Примерок за фокус-групи

За целите на ова квалитативно истражување, беа вклучени вкупно 40 испитаници што влегуваат во категоријата млади, на возраст од 15 до 30 години. Испитаниците се активни членови во вкупно 29 организации-членки на НМСМ, кои дејствуваат локално, и беа поделени во 6 фокус-групи, а секоја фокус-група беше составена од 5 до10 учесници во просек, и тоа:

- ***прва фокус-група:***
  југозападен регион – Кичево;
- ***втора фокус-група:***
  југозападен регион – Струга;
- ***трета фокус-група:***
  полошки регион – Тетово;
- ***четврта фокус-група***:
  пелагониски регион – Битола;
- ***петта фокус-група:***
  источен регион – Штип;
- ***шеста фокус-група:***
  североисточен регион – Куманово.

Резултати и дискусија од фокус-групите

Подолу е претставена анализа на добиените резултати од фокус-групите за одредени прашања, односно теми за дискусија.

Прашање 1: Како го разбирате поимот „политика“, за кого е наменета и кој ја носи?

Најпрвин, на испитаниците им беше поставено прашање за поимот „политика“ и беше побарано од секого од нив да го сподели своето лично согледување врзано за овој поим. Генерално, на почетокот е забележана мала збунетост во однос на прашањето, при што во сите фокус-групи се бараше дообјаснување дали се бара дефиниција за „policy“ или за „politics“. Беше уочливо дека , преведен на англиски јазик, поимот „политика“ на испитаниците им беше полесно да го дефинираат. Најголемиот дел од испитаниците политиката ја дефинираат како стратегија за решавање проблеми. Следствено на нивните коментари за дефинирање на политиката, тие посочија на проблемот на тесното врзување на овој поим со „политичка партија“. Испитаниците, главно, правеа разлика меѓу политичкото и партиското, меѓутоа јасно истакнаа дека повеќето од граѓаните/младите не прават разлика. Една од причините е непостоењето на соодветна терминологија, како, на пример, во англискиот јазик, која ќе направи јасна дистинкција меѓу партиското и политичкото, односно меѓу политиката и политичката партија.

Речиси сите испитаници сметаа дека е политиката наменета за граѓаните, за општеството во целост, а најчестиот одговор на прашањето кој ги носи политиките беше дека тие се носени од страна на власта и на институциите на власт. На ова во сите фокус-групи беше додадено дека во ваквиот процес би гребало да бидат вклучени и граѓаните, здруженијата на граѓани, формалните и неформалните здружувања.

Прашање 2: Што е младинска политика, кој ја носи и зошто служи?

Генералниот став за тоа што треба да претставува младинска политика во сите фокус-групи беше дека младинската политика треба да биде одговор на потребите на младите и дека таа треба да биде носена од страна на младите бидејќи тие најдобро знаат кои и какви им се потребите и проблемите. Меѓутоа, дискусијата во речиси секоја фокус-група продолжува во насока на утврдување на потребата од вклучување на институциите и на возрасните во овој процес, при што сите групи едногласно заклучуваат дека е нужна ваквата соработка во процесот на креирање и на донесување на младинските политики. Генералниот став на испитаниците е дека овие политики служат за да им излезат во пресрет на потребите на младите и да им го олеснат и да им го унапредат животот на младите во едно општество.

Прашање 3: Дали во Македонија постојат политики и други документи што се однесуваат на младите?

Од излагањата на испитаниците може да се заклучи дека тие имаат оскудни познавања за младинските политики и дека, освен локалните стратегии и Националната стратегија за млади, не познаваат други документи што во себе содржат политики за младите. Повеќето од нив не биле никогаш повикани на консултативни средби што претходат на креирање вакви документи за млади, но има дел од нив што тврдат дека стигнале покани до нивните организации за ваквите консултативни средби, а дел од нив и самите биле дел од ваквите средби. Оние што зеле учество во некој процес на креирање младински политики велат дека најчесто тоа било процесот на изготвување локална стратегија за млади.

Тие се делумно запознаени и со процесот на креирање и со обидот за донесување на законот

за млади, кој беше иницран од Владата на РМ, меѓутоа за ваквите познавања се покажа дека се површни бидејќи испитаниците имаа информации исклучиво за причините за недонесувањето на овој закон. На прашањето што во себе содржи ваквиот закон сите одговорија дека не знаат детали за неговата содржина. Генерално, сметаат дека ваков закон е потребен и дека треба да се изготви, но процесот на креирање на ваквиот закон треба да биде транспарентен, отворен и инклузивен.

Следуваа потпрашања за Националната стратегија за млади, исто така. Сите испитаници се запознаени со ваквиот документ, меѓутоа сè уште има дилема околу тоа која институција го води овој процес. Делумно се запознаени со отпочнатиот процес на креирање на новата Национална стратегија за млади 2015-2020 година, а најголемиот дел не знаат дали добиле покани за учество во креирањето на оваа стратегија. На прашањето што би требало да вклучува оваа стратегија, во сите фокус-групи беше јасен ставот дека на креирањето на оваа стратегија му претходат истражување за потребите и за проблемите на младите, како и анализа и евалуација на претходната стратегија. Понатаму, стратегијата треба да вклучува решенија на нивните потреби и проблеми по сектори, со особен осврт кон невработеноста на младите, образованието, вмрежувањето и кон информирањето.

Генералниот заклучок е дека многу мал процент од нив биле консултирани во процесите на креирање политики и дека сето тоа се должи на системот на канализирање на информациите. Како механизми за консултација на институциите со младите беа споменати работните групи, трибините, дебатите, консултативните средби, интернет-платформите.

Прашање 4: Дали во текот на својата работа сте се сретнале со некоја законска регулатива што ви помогнала во вашето работење и со законска регулатива што ви била потребна, а не постои?

Повеќето констатираат дека најверојатно се сретнале со некоја законска регулатива што им помогнала во работењето, меѓутоа не можат да се сетат на некој конкретен пример.

Како законска регулатива што била потребна, а не постои, не дефинираат конкретно, меѓутоа како најчест проблем што се споменува и за кој сметаат дека треба некако да законски да се регулира е процесот на аплицирање за локални младински проекти, за кој сметаат дека не е јасно дефиниран. Понатаму, го спомнуваат дефинирањето на буџетските ставки што се поврзани со младински проекти во општинските буџети. И, како трет, најголем проблем е соработката на младинските организации со локалните институции.

Прашање 5: Кои институции во Македонија се одговорни за прашањата поврзани со младите?

Трите институции што најчесто се спомнуваат кога станува збор за носителите на одговорноста за прашањата поврзани со младите во Македонија се Агенцијата за млади и спорт, Министерството за образование и локалните самоуправи, а помалку се спомнува и Министерството за транспорт и врски.

На потпрашањето каква е комуникацијата на нивните организации со овие институции преку две третини од испитаниците одговорија дека е отежната во ситуации кога таа комуникација се одвива непосредно.

Препораките што ги упатија за унапредување на улогата на овие институции се: зголемување на

транспарентноста, почесто информирање на јавноста со нивните активности, унапредување на системот на комуникација со јавноста, ширење на спектарот на дејствувањето по области итн.

Прашање 6: На кој начин ја гледате улогата на граѓанските организации што се занимаваат со младите во однос на креирањето на документите што се однесуваат на младите и на кој начин ја гледате улогата на НМСМ како чадор-организација?

Повеќето сметаат дека младинските организации се генератори на идеи и на информации што се поврзани со младите или произлегуваат од нив бидејќи се во директен контакт со заедницата. Исто така, сметаат дека, генерално, младинските организации имаат зрелост да се впуштат во процес на креирање политики за младите, меѓутоа тој процес треба да тече паралелно со процесот на градење на внатрешните капацитети на самите организации.

Беше едногласен ставот дека НМСМ како чадор-организација е моќно тело поради бројот и видот на организациите што го чинат овој совет. Ова му дава легитимитет да ги застапува интересите на младите. Сметаат дека треба да има важна улога на повисока инстанција, особено во процесите на креирање и на имплементирање на младинските политики, бидејќи ги обединува најголемиот број млади во Македонија. Секако, кај дел од испитаниците постои сомнеж бидејќи НМСМ е мошне нова организација, меѓутоа сметаат дека треба да му се даде шанса на овој младински совет.

ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОНФЕРЕНЦИЈАТА „МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ И УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ВО КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ“

Националниот младински совет на Македонија на 9 декември 2014 година организира младинска конференција „Младински политики и учество на младите во креирање политики“, на која учествуваа околу 70 претставници од младински организации, институции, државни органи од Македонија. Конференцијата беше организирана во два дела: тркалезна маса на темата „Што се младински политики и што треба да регулираме“ и интерактивни работилници што се одвиваа паралелно на две теми: „Најважни фактори (чинители) за младински политики“ и „Визија на идеални младински политики“.

Говорници на тркалезната маса беа: Ивана Давидовска, претседателка на Националниот младински совет; г. Марјан Спасески, директор на Агенцијата за млади и спорт; Јоана Косма од Мисијата на ОБСЕ во Скопје; проф. д-р Тања Каракамишева и Елизабета Марковска-Спасеноска, истражувач на полето на младинските политики.

Работилниците беа модерирани од страна на четири обучувачи од базата на обучувачи на Националниот младински совет: Милош Ристевски, Мартин Алексоски, Матеј Маневски и Мила Карадафова.

На конференцијата беа презентирани следните заклучоци и препораки:

- Постои потреба да се поведе дијалог за начинот на донесување на младинските политики во Македонија. Потребен е сеопфатен и системски пристап во градењето на младинските политики според принципите на човековите

права, инклузивност, учество базирано на истражување и докази.

- Политиките за млади треба да бидат изградени од самите млади.
- Потребни се поддршка и стимулација за организирање регионални дебати со цел да се изнајдат најпогодни алатки за реализирање на младинските политики.
- Потребна е институционална поддршка за младите.
- Потребна е канализирана поддршка за работата на младинските организации, на средношколските организации и на студентските организации.
- Потребно е вклучување на младите во младинските политики во образовните и во високообразовните институции.
- Потребно е да се води сметка за квалитетот на процесот на градење политики и неизбежна е евалуацијата на донесените политики.
- Потребни се поттикнување на самоорганизацијата, како и самостојно и доброволно учество од страна на младите, наместо нивно регрутирање за одредени потреби.

ЗАКЛУЧОЦИ

Од спроведеното истражување, односно од прикажаните резултати, би можело да се донесат следниве заклучоци:

- Младите инволвирани во граѓанскиот сектор сметаат дека младите генерално не прават дистинкција помеѓу политиката и политичката партија и најчесто едното го поистоветуваат со другото. Ова важи и за поширокота јавност. Потребни се подигнување на јавната свест, особено кај младите, за суштината на поимот „политика“ и предочување на јасната разлика меѓу политиката и политичката партија, односно меѓу политичкото и партиското.
- Младинските организации се едногласни во ставот дека е потребно здружено и организирано дејствување на младинските организации со цел поуспешно да се застапуваат и да се претставуваат интересите на младите луѓе. Истражувањето го потврди капацитетот на младинските организации да дејствуваат како фактори во процесите на креирање политики, со искуство и со знаења да организираат консултативни средби и да поттикнуваат јавни дебати, особено за прашањата поврзани со младите. Фактот дека поголем дел од нив досега не биле консултирани во процеси на креирање документи со јавен интерес или стратегија, укажува на тоа дека постои простор младинските организации поактивно да бидат консултирани и вклучени во значаен дијалог со институциите на локално и на национално ниво.
- Активно вклучените млади во граѓанскиот сектор ги препознаваат Агенцијата за млади и спорт, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Владата на Република Македонија како институции што во најголема мера се одговорни

за прашањата поврзани со младите и со организациите што работат со младите.

- 81% од активно вклучените млади во граѓанскиот сектор се изјасниле дека знаат кои сè закони, акти и други документи директно се однесуваат на младите во Република Македонија.

- 68% од организациите некогаш биле консултирани како младинска граѓанска организација за учество во јавна дебата или во друг консултативен процес при донесувањето на некоја законска одредба, политика, стратегија или друг документ за младите со јавен интерес, додека 32% никогаш не биле вклучени во ваков процес.

- Сите организации што не биле вклучени досега во ниту еден консултативен процес сметаат дека во иднина би требало да бидат вклучени.

- 51% од организациите никогаш не се обратиле во некоја институција со цел да се реши некое младинско прашање или проблем или да се отпочне соработка поврзана со нивната работа.

- Од организациите што се обратиле до некоја институција со цел да се реши некое младинско прашање или проблем или да се отпочне соработка поврзана со нивната работа, само 30% ги оцениле институциите како целосно отворени за соработка.

- 70% од младинските организации, во текот на својата досегашна работа, се сретнале со недостиг на законска одредба, политика, стратегија или друг документ со јавен интерес, кои се однесуваат на младите, а кои во моментот им биле потребни.

- Ниту една организација не дала свој предлог околу тоа кои се клучните работи што би сакала да ги содржи законот за млади на РМ.

- 77% од организациите одговориле дека се запознаени со процедурата за донесување стратегија за млади во Република Македонија.

- 72,97% од организациите сметаат дека младинските организации во целост имаат капацитети да учествуваат во консултативните процеси што се однесуваат на младите.

- Младинските организации се едногласни во ставот дека е потребно здружено и организирано дејствување на младинските организации со цел поуспешно да се застапуваат и да се претставуваат интересите на младите луѓе.

- Најголемиот дел од организациите сметаат дека приоритетни области кон кои треба да се насочи новата стратегија за млади се: утврдувањето и идентификувањето на реалните проблеми на младите во земјава, обезбедувањето и осигурувањето активно учество и вклученост на младите во сите процеси на донесувањето одлуки во општеството, интеграцијата во ЕУ, вработувањето, образованието, младинската размена, неформалното образование и волонтерството.

КОНСУЛТИРАНИ ИЗВОРИ

» **www.ams.gov.mk**
Агенција за млади и спорт на Република Македонија;

» **www.avrm.gov.mk**
Агенција за вработување на Република Македонија;

» **www.vlada.mk**
Влада на Република Македонија;

» **www.volonter.mk**
Волонтерски центар на Македонија;

» **www.sega.org.mk**
Коалиција „СЕГА;“

» **www.mtsp.gov.mk**
Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија;

» **www.finance.gov.mk**
Министерство за финансии на Република Македонија;

» **www.mon.gov.mk**
Министерство за образование и наука на Република Македонија;

» **www.na.org.mk**
Национална агенција за образовни програми и мобилност;

» **www.nms.org.mk**
Национален младински совет на Македонија;

» **www.un.org**
Организација на Обединетите нации;

» **www.sep.gov.mk**
Секретаријат за европски прашања;

» **www.sobranie.mk**
Собрание на Република Македонија;

» **www.tacso.org**
Техничка поддршка за граѓанските организации;

» **www.crpm.org.mk**
Центар за истражување и креирање политики;

» **Volunteering infrastructure in Europe,**
Chapter 17: Macedonia (2012).
Brussels: European Volunteer Centre, 240-249.